**20210580870**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 март 2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21 и 55/21), во член 15, по точката 74. се додаваат две нови точки 75. и 76., кои гласат:

„75. Протокол за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети, на општинско, регионално и државно ниво во основното образование, во услови на пандемија – Прилог број 75.

76. Протокол за организирање и реализирање на натпревари во средните училишта во услови на пандемија од COVID-19 – Прилог број 76.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-678/5
12 март 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**Прилог број 75**

**Протокол**
**за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети, на општинско, регионално и државно ниво во основното образование, во услови на пандемија**

1. Во просториите каде ќе се изведуваат натпреварите потребно е да бидат обезбедени санитарно-хигиенски услови.

2. Да се означат влезовите за влез и излез од местото каде што ќе се одржува натпреварот, како и патеки за еднонасочно движење.

3. На местото каде што ќе се одржува натпреварот се овозможува влез само на учениците кои се учесници на натпреварот.

4. Натпреварот се реализира во групи и при тоа во една група на натпреварувачи во иста просторија може да присуствуваат најмногу до 10 ученици.

5. Учениците се спроведуваат до просторијата каде што се одржува натпреварот од страна на назначено лице од организаторите на натпреварот, без непотребно задржување во ходниците или заедничкиот простор во објектот.

6. При влегување во просториите каде се одржуваат натпреварите се врши мерење на температурата на секој ученик и учесник на натпреварот, како и дезинфекција на рацете.

7. За цело времетраење на натпреварот сите присутни задолжително носат маска/прекривка.

8. Во секоја просторија каде што се одржуваат натпреварите се поставуваат дезинфекциски средства.

9. Се забранува поздравување со физички контакт.

10. Задолжително е одржување на физичко растојание помеѓу сите присутни на натпреварот од најмалку од 1,5 метри.

11. Просториите во кои се одржува натпреварот се проветруваат или доколку овозможуваат временските услови се остава отворен прозорец.

12. Проветрување и дезинфекција се прави по завршување на натпреварот на секоја група.

13. По завршување на натпреварот учениците да го напуштаат просторот движејќи се по означените насоки на движење.

14. Зависно од спецификите на натпреварот, Здруженијата можат да го дополнат овој протокол со дополнителни мерки за заштита од ширење на вирусот.

15. При организирање на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование во услови на пандемија, освен овој протокол важи и Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците и строго да се почитуваат пропишаните превентивни мерки.

16. Организаторите на натпреварите сносат полна одговорност за контрола и правилно спроведување на протоколните мерки.

**Прилог број 76**

**Протокол**
**за организирање и реализирање на натпревари во средните училишта во услови на пандемија од COVID-19**

1. Натпреварите се организираат и реализираат со физичко присуство на учесниците.
2. Натпревари ќе се одржуваат во период од 10:00 часот до 17:00 часот од минимум 1 (еден) ден.
3. Пристигнувањето и влегувањето во училиштето - домаќин на учесниците (ученици, ментори, комисии и вработени во училиштето домаќин ангажирани за натпреварите) ќе се изведува по претходно утврден распоред од страна на училиштето – домаќин.
4. Училиштето - домаќин назначува лица од редот на вработените (редарска служба) кои ги спроведуваат учесниците во соодветни простории за сместување со обезбедено физичко растојание од најмалку 2 метри.
5. Училиштето за влез и излез на учесниците ги става во функција сите влезови на училишната зграда и изготвува распоред за влез/излез со список со назнака на влез и време на влегување за учесниците од секое училиште и го истакнува на влезот од училиштето - домаќин.
6. Во училиштето - домаќин за време на натпреварите не се реализира настава со физичко присуство.
7. На влезот во училиштето, во ходниците и во училниците се поставуваат едукативно - информативни материјали и насоки за заштита на здравјето и безбедност во училиштето.
8. На секој влез од училиштето учесниците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи секој учесник да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на учесникот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.
9. Училиштето домаќин задолжително поставува ознаки со кои се означува правец на движење и запазување на минимум потребно растојание при чекање ред на учесниците пред и внатре во училиштето.
10. На учесниците кои доаѓаат со организиран превоз, им се мери телесната температура пред влегување во автобус и се врши дезинфекција на рацете и обувките. Учесниците кои имаат зголемена температура (над 37.4°C) се враќаат дома со препораки за преземање на соодветни здравствени мерки.

11. На сите учесници при влезот во училиштето им се мери телесна температура и во случај на зголемена температура (над 37.4°C) учесникот се изолира во посебна просторија наменета за таа работа и се постапува согласно „Алгоритмот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен – позитивен на COVID 19“.
12. Влегување во училиштето - домаќин е дозволено само со задолжително користење на заштитни маски / покривка на лицето за сите вработени во училиштето и учесниците на натпреварот.
13. Сите вработени и учесници задолжително ја почитуваат мерката за физичко растојание од најмалку 2 метри.
14. На влезот во училиштето - домаќин се поставуваат средства за дезинфекција, како и во училниците и другите простории каде што ќе има учесници од натпреварот.
15. Учесниците при влезот задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.
16. Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу учесниците на натпреварите.
17. Учениците доаѓаат и си заминуваат од училиштето - домаќин во придружба на наставник - претставник од училиштето учесник.
18. Забранет е влез за сите лица кои немаат легитимација за учество на натпреварот.

19. Разменувањето на информациите меѓу организаторот на натпреварите, училиштето - домаќин и училиштата - учесници се врши исклучиво преку електронска комуникација.
20. Натпреварите во стручно - теоретскиот дел се изведуваат со најмногу до 10 (десет) ученици во училница и обезбедено физичко растојание од најмалку 2 метри помеѓу учесниците и наставникот - тестатор.
21. При реализација на практичниот дел на натпреварите задолжително е почитувањето на сите протоколи за безбедност и заштита при работа на учесниците. Учесниците се должни да ги почитуваат универзалните мерки за спречување на пренесувањето на COVID-19, а ги вклучуваат следните мерки:

- Хигиена на работно место – дезинфекција на работното место пред и по завршување на практичниот дел на секој ученик;
- Хигиена на раце – темелно миење на рацете со сапун и вода или дезинфекција со средство на база на алкохол, пред отпочнување и по завршување на вежбата.
- Поставување на дезинфекциони средства на секое работно место;
- Респираторна хигиена – што подразбира да има на располагање доволно заштитни маски за лице и хартиени марамчиња, како и заштитни ракавици и корпи за отпадоци со поклопци за хигиенско одлагање на отпадот. Надлежното лице во просторијата е должно да ги потсети учениците на обврската за правилно носење заштитна маска.
- Физичко дистанцирање – одржување на потребното пропишано растојание од најмалку 2 метри помеѓу работните места и избегнување на директен физички контакт со други лица (прегрнување, допирање, ракување и слично).

22. Учесниците задолжително ги почитуваат протоколите на компаниите (во погоните, хигиенско - санитарните објекти, одделот за исхрана и сите други делови каде што може да се движат учениците во компанијата) доколку практичниот дел се реализира во компанија.
23. Употребата на тоалетите се организира со присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека излезе ученикот којшто е внатре).
24. Чистењето на просториите кои ќе се користат за натпреварите се врши пред почетокот на натпреварите, со вода и сапун/детергент и со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот.
25. Училиштето - домаќин воведува систем за еднонасочно движење на учесниците низ просториите.
26. Просториите задолжително се проветруваат најмалку половина час пред започнувањето на користењето и по заминувањето на учениците, а доколку дозволуваат временските услови, пожелно е да се остави отворен прозорец за време на натпреварот.
27. Организирање на редарска служба во училиштето - домаќин, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учесниците од минимум 2 метри пред и внатре во училиштето, бројот на редари во училиштето за време на натпреварот го одредува директорот на училиштето -домаќин.
28. Делот за официјалното отворање на натпреварите ќе се реализира во зависност од моменталните препораки од Владата на Република Северна Македонија за дозволено физичко присуство на лица на отворен и затворен простор.
29. Делот за прогласување на победниците на натпреварите ќе се реализира во зависност од моменталните препораки од Владата на Република Северна Македонија за дозволено физичко присуство на лица на отворен и затворен простор.
30. Делот за официјалното затворање на натпреварите ќе се реализира во зависност од моменталните препораки од Владата на Република Северна Македонија за дозволено физичко присуство на лица на отворен и затворен простор.